РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-96/6**
**Скопје, 01.10.2026 година**

# ЗАПИСНИК
## од педесет и втора седница одржана на 01.10.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева – член
г-дин Ермон Незири - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на педесет и втората седница на Советот, по што го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за назначување на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола
2. Донесување на одлука за назначување на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип
3. Разно

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори педесет и втората седница и воедно предложи дневниот ред да биде дополнет со следните точки:
- Разгледување и констатирање на продолжување на вршење на функцијата јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Штип.
- Донесување на одлука за назначување на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола
- Донесување на одлука за назначување на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово

- Донесување на одлука за обвајување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево
- Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар
- Разно

Вака дополнетиот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на ВЈО на ВЈО Штип му истекува мандатот на 30.09.2026 година и согласно законот по истекувањето на мандатот истиот продолжува да ја врши функцијата јавен обвинител во ВЈО Штип. Беше констатирано дека јавниот обвинител Ристо Бојаџиски продолжува да ја извршува функцијата јавен обвинител во ВЈО Штип.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека јавниот обвинител на ВЈО Штип е избран како јавен обвинител од ОЈО Штип и дека по истекот на мандатот согласно законот истиот останува да ја извршува функцијата како јавен обвинител во ВЈО Штип. Истакна дека Советот треба само да ја констатира состојбата и донесе решение.

**Заклучок: Едногласно од страна на членовите на Советот беше констатирано и донесено решение со кое јавниот обвинител Ристо Бојаџиски продолжува да ја извршува функцијата јавен обвинител во ВЈО Штип.**

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека и на ВЈО на ВЈО Битола на 30.09.2026 година му истекува мандатот и согласно законот Советот треба да назначи ВД Виш јавен обвинител на ВЈО Битола. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Фатих Алиу кој како координатор за ова подрачје кажа дека имајќи во предвид континуитетот на работењето на ова јавно обвинителство за ВД го предложи јавниот обвинител Пецо Везироски. Откако никој не зема збор едногласно од страна на членовите на Советот беше констатирано јавниот обвинител Пецо Везироски да ја извршува функцијата ВД ВЈО на ВЈО Битола.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Решение со кое јавниот обвинител Пецо Везироски ќе ја извршува функцијата ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола до избор на ВЈО на ВЈО Битола не подолго од шест месеци.**

Под точка три од дневниот ред за назначување на ВД ВЈО на ВЈО Штип, Претседателот на Советот Башким Бесими отвори расправа по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека има тековен конкурс што од оправдани причини се уште не е завршен, но се надева дека за краток временски

рок ќе бидат избрани јавни обвинители. Со оглед дека рокот е краток предложи јавниот обвинител Ристо Бојаџиски да ја извршува функцијата ВД ВЈО на ВЈО Штип.

Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред, предлогот на членот на Советот г-дин Ермон Незири едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Решение со кое јавниот обвинител Ристо Бојаџиски ќе ја извршува функцијата ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип до избор на ВЈО на ВЈО Штип не подолго од шест месеци.**

Под останатите точки од дневниот ред поради истекот на мандатите на сегашните шефови на јавните обвинителства, согласно законот во рок од 90 дена Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители на јавните обвинителства и тоа: Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци и Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.

Едногласно беше прифатен предлогот на Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвиунителство Гостивар, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово, Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци и Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево.**

Под точка разно од дневниот ред збор зема г-дин Ермон Незири, кажа дека има оглас за избор на ОЈО на ОЈО ГОКК – Скопје, дека е претседател на Комисијата во Советот која ќе го спроведува изборот. Кажа дека избирачкиот список е прочистен и во текот на наредната недела истиот ќе биде доставен до ЈОРСМ, ВЈО Скопје, ВЈО Битола, ВЈО Гостивар и ВЈО Штип на увид на јавните обвинители. Ги извести членовите на Советот дека се во преговори со МИА и други новински агенции во врска со претставувањето на јавните обвинители кои се имаат јавено на огласот за избор на ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје каде што ќе има јавно презентирање на кандидатите. Кажа дека ќе се формираат одбори кои ќе го спроведат гласањето како и гласачките ливчиња. Воедно наведе дека гласањето ќе се одржи на ден 28.10.2026 година.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека ќе ги контактира јавните обвинители кои се имаат јавено на огласот и дека ќе закаже седница на која истите ќе се претстават на јавноста.

Г-ѓа Кети Петкова како член на Комисијата за спроведување на избор на ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје кажа дека на веб страната на Советот ќе бидат објавени кратките биографии на кандидатите како и документите што ги имаат приложено.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи педесет и втората седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**